**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

## НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2010 ГОДИНА

## (Програма за надзор)

Број 01 – 266/2

12 јули 2010 година

Скопје

ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@ads.gov.mk

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

*Врз основа на член 8-а, а во врска со член 82-ј од Законот за државните службеници, директорот на Агенцијата за државни службеници, на 12.7.2010 година, донесе* ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2010 ГОДИНА (ПРОГРАМА ЗА НАДЗОР)



ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

# РЕЗИМЕ

Овој документ претставува дополнување на годишната Програма за работа на Агенцијата за државни службеници (во понатамошниот текст: Агенцијата) за 2010 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 114/09), кој започна да се применува од 22 март 2010 година, е утврдена нова надлежност на Агенцијата да врши надзор над спроведувањето на Законот и прописите донесени врз негова основа, во органите на државната служба.

Во Програмата за работа на Агенцијата за државни службеници за 2010 година, утврдено е *„...подготвување на детална програма за спроведување на надзор во органите на државната служба и ќе организира обука на своите службеници кои ќе бидат вклучени во спроведувањето на надзорот“.*

Врз основа на ова, во продолжение на овој документ е презентирана дополнителната програмска активност - Надзор над спроведувањето на законската рамка.



ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

## Надзор над спроведувањето на законската рамка

### Цели

Целта на оваа програмска активност е да се обезбеди подобрување на спроведувањето на законската рамка за државната служба, која ја сочинуваат пред се Законот за државни службеници и подзаконските прописи кои произлегуваат од него, но и на други релевантни акти (посебни закони, правилници, одлуки, заклучоци на Владата на Република Македонија, препораки на ЕК и сл.).

### Резултати

- Пополнување на работното место „Поддршка на спроведување на надзор", со звање Советник;
- Овластување на државни службеници за спроведување на надзор;
- Спроведување на Пилот-надзор во Агенцијата;
- Донесување на Квартални оперативни планови за спроведување на надзорот;
- Изработување на стандардизирани обрасци (прашалници, формулари, записници итн.), во функција на подигнување на квалитетот и ефикасноста на надзор;
- Спроведување на надзор во органите на државната служба;

### Кус опис

Во септември 2009 година, Собранието на Република Македонија, го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ" бр. 114/09), во кој е утврдена нова надлежност на Агенцијата да врши надзор над спроведувањето на Законот за државните службеници и прописите донесени врз негова основа, во органите од член 3, став (2) од истиот закон.

Имајќи во вид дека оваа надлежност не се спроведуваше во пракса, при донесувањето на Програмата за работа на Агенцијата за државни службеници за 2010 година, утврдено е дека подоцна во текот на годината „...*Агенцијата ќе подготви детална програма за спроведување на надзор во органите на државната служба и ќе организира обука на своите службеници кои ќе бидат вклучени во спроведувањето на надзорот*".

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Работното место „Поддршка на спроведување на надзор" е пополнето
- Број на донесени Решенија за овластување на државни службеници за спроведување на надзор
- Пилот-надзорот е реализиран
- Кварталните оперативни планови за III и IV квартал на 2010 година се усвоени од генералниот секретар
- Стандардизираните обрасци за реализација на надзорот се одобрени од генералниот секретар
- Број на реализирани надзори во органите на државната власт (вклучувајќи редовни, вонредни и контролни)

# РИЗИЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на ова дополнување на Програмата за работа во 2010 година, покрај останатите утврдени ризици, најмногу ќе зависи од подготвеноста на органите на државната служба, да соработуваат со овластените државни службеници за спроведување на надзорот. Особен ризик, кој е идентификуван, е финасирањето на работењето на Агенцијата, што е сериозен ризик по усвојувањето на ребалансот на Буџетот на Агенцијата за 2010 година.

Директор,
Александар ГЕШТАКОВСКИ

# Преглед на активностите во годишната програма за 2010 година, со временски распоред за нивно спроведување

| *Ред. број* | *Наслов* | *Резултати* | *Кометар/Рок* |
|---|---|---|---|
| а. | **Надзор над спроведувањето на законската рамка** | | |
| | Пополнување на работното место „Поддршка на спроведување на надзор", со звање Советник | | / трет-четврт квартал |
| | Овластување на државни службеници за спроведување на надзор | | / трет-четврт квартал |
| | Спроведување на Пилот-надзор во Агенцијата | | / трет квартал |
| | Донесување на Квартални оперативни планови за спроведување на надзорот | | / трет-четврт квартал |
| | Изработување на стандардизирани обрасци (прашалници, формулари, записници итн.), во функција на подигнување на квалитетот и ефикасноста на надзор | | / трет квартал |
| | Спроведување на надзор во органите на државната служба | | / трет-четврт квартал |